Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 1 април 2021 година

Скопје, април 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 април 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*
*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 1 април 2021 година, со Записник од Третата седница на Групата за процена, одржана на 1 април 2021 година и со Предлог-одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението

2. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*
*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата го разгледа Записникот од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 1 април 2021 година, со Записник од Третата седница на Групата за процена, одржана на 1 април 2021 година и со Предлог-одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 1 април 2021 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, во предложениот текст.

3. Периодот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението е најмногу до 30 дена, почнувајќи од 1 април 2021 година.

4. Да се информира Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

5. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

6. Главниот штаб при Центарот за управување со кризи веднаш да започне со подготовка на акциски план за превенција и справување со ситуацијата на

подрачјата на јужната и северната граница на Република Северна Македонија, како и целосен преглед за расположливи човечки и материјално-технички ресурси и план за координирано дејствување.

7. Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, со сите останати засегнати државни институции да ги стават на располагање сите расположливи капацитети и ресурси кои може да се стават во функција на справување со кризната состојба.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 24 март 2021 до 30 март 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

2. Врз основа на член 33 став 2 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 104/15, 39/16 и 83/18) и согласно Одлуката за постоење на кризна состојба на територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на Пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.277/20 и 299/20), Владата на Република Северна Македонија, заклучи:

- Се задолжува Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје да ги отстапи своите ресурси од А1 Арената, за потребите на Министерството за здравство заради овозможување и реализација

на отворање на КОВИД центар за имунизација на населението согласно Националниот план за КОВИД-19 вакцинација во Република Северна Македонија, во период до 30 септември 2021 година.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| Мухамед Зеќири | Зоран Заев |